# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 15/2020
## 19.10.2020 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.10.2020 година.

Бр.09-530/1
19.10.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на шлен 95 од Законот за градежно земјиште 9Сл.весник на РМ бр.15/2015,98/2015 , ............142/16 и 190/2016), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чле 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл.гласник на општина Неготино бр.3/2006, 2/11,......16/12 и 16/14), Советот на општина Неготно на седницата одржана на ден 19.10.2020 година ја донесе следната измена на

**П Р О Г Р А М А**

**За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на граджното земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности и уредување на граджното земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година се вршат следните измени :

Во точка 4 Уредување на градежното земјиште во пот точка 4.5.10 Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба алинеите 6 и 7 се менуват и гласат :

**Алинеа 6 - Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори надоместокот изнесува 100,00денари по м² на корисна површина за поставени фотоволтаични панели на кровна конструкција.**

**Алинеа 7 - Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаични централи надоместокот изнесува 600,00денари по 1м² корисна површина на поставени фотоволтаични панели.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-524/3
19.10.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ „Св. Кирил ио Методиј“ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ „Св. Кирил ио Методиј“ Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.10.2020 година.

Бр.09-530/2
19.10.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.10.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј ,, Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино со бр.04-231/1 од 13.10.2020 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-524/4
19.10.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 15/2020

1. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година
2. Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2020 година
3. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино
4. Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ Неготино